# LA PLAGNE *PARADISKI*

**Традиционално**, и оваа година како и многуте години до сега со Нехар Травел, скијајте во најдобро друштво и со искусни водичи во најголемите ски центри во Франција.

## Ве водиме во LA PLAGNE – Гигантот на француските Алпи,

и едно од најдобрите Француски скијалишта, подеднако омилено меѓу скијашите и бордерите.
Ски центар кој бележи многу брз развој и денеска заедно со **LES ARC**, спаѓа во комплекс на еден од најголемите ски центри во Европа.
***PARADISKI* (Les Arcs/Peisey-Vallandry/La Plagne)** располага со **425 км** беспрекорно обработени ски/борд патеки на надморска висина од 1200 до 3226 м. за сите категории на скијачи, како и воодушевувачка панорама кон Монт Блан. 70% od ski patekite se nad 2000 m.
Наша топла препорака е да земете "**ESENTIAL**" ski pass за PARADISKI регионот.
***LA PLAGNE** располага со 225 км ски стази, поврзани со **LES ARC** кој располага со 200 км стази.
Ски населба со богата Apres Ski содржина. Многубројни пабови,ресторани, продавници...
*Според истражувањето на World Snowboard Guide, спаѓа меѓу најдобрите snowboard дестинации, а секако едно од најдобрите ски дестинации во Франција.

***PARADISKI во бројки: 425 км** скијашки патеки * **262** скијашки стази**:** 19 зелени, 130 плави, 78 црвени, 35 црни * **122** жичари * **958** снежни топови * **40 км** турно скијање * **Глечери и шуми,** од 1200 м do 3250 м надморска висина * **2 врва** преку 3000 м * **70 % од скијалиштето е над 2000 м** *

***Ски врска со Гондолата Les Arcs/Peisey-Vallandry–La Plagne за само 4 минути * Спуст од 7,4 км од 2000 м висинска разлика од врвот Aiguille Rouge до Villarogera * Панорама од 360° со прекрасен поглед на Mont Blanc......Боб стаза....**

**FIRST MINUTE ЦЕНА: За уплата до 30-ти Септември 2024**
**Цените се дадени за пакет аранжман во евра по лице. Плаќање исклучиво во денари според курсот 1€=62 мкд**

| Термин: | LA PLAGNE, PARADISKI | од 649 € |
|---|---|---|
| 03.01.2025 | Ski F R A N C E 2025 | |

| LA PLAGNE - Centre | | Max.број кревети / лица | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| RESIDENCE | Тип на сместување | 6 | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| LE FRANCE (0512) | Studio, 2 лица | | | | | 729 | 919 |
| LE FRANCE (0725) | Studio, 4 лица | | | 649 | 679 | 769 | |
| LE JANNU (0803) | Studio, 3/4 лица | | | 649 | 679 | 769 | |
| LE JANNU (0214) | Studio, 4 лица | | | 659 | 699 | 789 | |
| LE JANNU (0305), Апартман со 2 соби | Апт. 5 лица | | 649 | 679 | 739 | 859 | |
| LE MAKALU (0038), Апартман со 2 соби | Апт. 4 лица | | | 659 | 699 | 799 | |
| L'ACONCAGUA (0803) Апартман 2 соби | Апт. 5 лица | | 649 | 679 | 739 | 859 | |
| LE KILIMANDJARO (0027) | Studio, 2/3 лица | | | | 659 | 729 | 919 |
| LE KILIMANDJARO (0018) Апартман 2 соби | Апт. 4 лица | | | 659 | 699 | 799 | |
| LE KILIMANDJARO (0028) Апартман 2 соби | Апт. 4 лица | | | 659 | 699 | 799 | |
| LE KILIMANDJARO (0016) Апартман 3 соби | Апт. 6 лица | 649 | 669 | 699 | 779 | | |
| LE FITZ ROY (0002), Апартман 2 соби | Апт. 4/5 лица | | 649 | 679 | 739 | 859 | |
| LE FITZ ROY (00R6), Апартман 2 соби | Апт. 4/6 лица | 649 | 669 | 699 | 779 | | |
| LE FITZ ROY (0013), Апартман 3 соби | Апт. 6 лица | 659 | 679 | 709 | 789 | | |
| DOPLATA ZA ESSENTIAL SKI PASS : +35 EVRA | | | | | | | |

e-mail: info@nehartravel.com.mk, www.nehartravel.com.mk Лиценца А, бр. УП I 13-5

# LA PLAGNE *PARADISKI*

**Програма:**

**<u>1.ден-петок</u>, СКОПЈЕ – *LA PLAGNE:*** Состанок на групата на паркингот кај спортската сала "Борис Трајковски" во 06:30 часот. Поаѓање за ***LA PLAGNE*** во 07:30 часот. Се патува преку граничниот премин Табановце. Патување преку Србија, Хрватска, Словенија, Италија, со попатни паузи и гранични формалности. Ноќно возење.

**<u>2 ден-сабота</u> *LA PLAGNE:*** Пристигнување во попладневните часови и сместување во апартманите. Слободно попладне за запознавање со местото. Ноќевање

**<u>3–8 ден</u> *LA PLAGNE: Шест дневно скијање во LA PLAGNE /* PARADISKI**. *Ноќевање.*

**<u>9. ден-сабота</u> *LA PLAGNE*-СКОПЈЕ:** Напуштање на собите до 10:00. Поаѓање за Скопје со попатна посета на еден од најголемите шопинг аутлет центри во Италија – **VICOLUNGO**, непосредно пред Милано. (Нема можност за заверување на Tax free на Хрватска граница поради долгата процедура која може да трае повеќе од 2 ч.)

**<u>10 ден – недела</u> СКОПЈЕ:** Пристигнување во попладневните часови.

**<u>Во цената е вклучено:</u>**

- Превоз со високотуристички автобус со LCD TV, DVD на релација **Скопје – *LA PLAGNE* – Скопје**
- 7 дневно сместување во одбрани студиа / апартмани според ценовникот во ***LA PLAGNE***
- 6 дневен скипас за стазите на ***LA PLAGNE***
- Туристички пратител за време на турата

**<u>Во цената НЕ Е вклучено:</u>**

- Задолжително патничко осигурување со вклучен додаток од спортски ризик 800 ден.
- Задолжителна Туристичка такса 15 € по лице за цело време на престој. Се плаќа во агенција.
- ***ESENTIAL Paradiski skipass*: 35€** по особа за **425 км** ски патеки плус бројни привилегии: Резервација задолжителна со пријава и уплата во агенција. **Наша препорака**!
- Постелнина и крпи.
- Завршно чистење на апартманите.

- *За ова патување важат Општите услови за патување на Нехар травел со Лиценца "А" бр.УЛ I 13-59, кои се составен дел на секој Договор за патување (освен откажните трошоции кои важат според наведеното за овој ски аранжман).*

## Важни завршни напомени

1. **Дадената цена е Пакет цена по лице во зависнот од бројот на лица и тип на сместување, за максимално даден број на лица во студио и апартман, за 7 ноќевања, 6 дневна стандардна ски карта и вклучен автобуски превоз.**
2. **РЕЗЕРВАЦИЈА:**

- **<u>Резервација за аранжманот е со задолжителна уплата од 12.000 денари по лице, остатокот се доплаќа НАЈДОЦНА до 02.Декември 2024.</u>**
  Можност да се плати на 6 рати без камата. Информации во агенција.
- Со самата резервација и платен депозит, странките добиваат Договор за патување со сите податоци за патувањето,типот на сместување, разни доплати како и Општи услови за патување.
- Уплатата може да се плати во готово или со кредитна/дебитна картичка, или вирмански преку банка.
- Постои можност да се спојат индивидуалните патници во повеќекреветно студио/апартман, како не би плаќале поскапо. Агенцијата може да посредува, **но НЕ и да гарантира** при ваквите случаи.

**Затоа, *дефинитивниот тип на студио/апартман и дефинитивната цена ќе зависи од бројот на лицата кои остануваат и типот на студиото/апартманот кој е одбран.* Странките однапред се согласни за овие услови и наведени цени по лице, без право на откажување.**

**Т.А. НЕХАР ТРАВЕЛ, ул. Никола Тримпаре бр.10 Скопје. Tel: 02/ 3131045 Моб: 071/380724**
**e-mail: info@nehartravel.com.mk, www.nehartravel.com.mk Лиценца А, бр. УП I 13-5**

3. Според Шенгенските правила, Македонски пасош мора да има важност од мин. 90 дена од денот на напуштање на Шенген зоната (датум на враќање во Скопје).
4. За реализација на патувањето потребно е минимум 40 патници.
5. Агенцијата не може да влијае на катност, поглед, локација или одреден објект. Тоа е во рамките на локалната агенција. Одредени желби на патниците, како за сместување во еден објект на повеќе студиа/апартмани, агенцијата ќе ги проследи до партнерската агенција, но не гарантира за исходот.
6. Агенцијата го задржува правото за промена на цената доколку дојде до зголемување на цените на услугите ( гориво, сместување, ски пас ) за кои агенцијата не може да влијае.

7. **FIRST MINUTE цена важи до објавениот датум во ценовникот.**
   После тој датум цената се зголемува за **50**€ по лице, без оглед на тип на сместување.
8. Патниците се должни 48 часа пред патување да го проверат часот и местото на поаѓање.
9. **Багаж**: Секој патник може да понесе 1 личен багаж до 23 кг (куфер или торба), 1 пакет ски или борд опрема сместени во багажник на автобус и 1 мала кабинска торба/ранец за пат во автобус.
10. Распоредот на седишта во автобус е според датумот на уплата.
11. Агенцијата го задржува правото на отказ на аранжманот во случај на недоволен број на лица, најдоцна 5 дена пред тргнување. Во таков случај, уплатените средства во целост се враќаат исклучиво на трансакциска сметка на лицето кое уплатило, според законот за платен промет.
12. **Лицето кое има резервација должно е да ја уплати целосната сума на аранжманот најдоцна до наведениот датум (02.12.2024) Доколку лицето не ја изврши уплатата до крајниот рок резервацијата ќе биде автоматски откажана а уплатените средства како аванс ќе бидат неповратни.**

**ОТКАЗНИ ТРОШОЦИ:**

13. Откажување од патувањето може да се направи исклучиво по писмен пат, доставен до Агенцијата, со образложение за отказот. Отказните трошкови се во согласност со Отказните трошкови на локалниот партнер, на кои Агенцијата не може да влијае.
   > Трошоци за откажување на патувањето кои се задржуваат:
   i. Од моментот на пријавување до 8 недели пред **поаѓање**: **20%** од цената
   ii. 8 – 6 недели пред **поаѓање**: **30%** од цената
   iii. 6 – 4 недели пред **поаѓање**: **50%** од цената
   iv. 4 недели и помалку пред **поаѓање**: **100%** од цената

14. **Постелнина и крпи:** Во цената не се вклучени крпите, постелнина, тоалет хартија, сапуни, шампон во студијата и апартманите, а истите може да се изнајмат на денот на пристигнување по цена од: 14€ - единечна постелнина или 16€ -брачна постелнина и 14€ за сет крпи (2 за купатило, 1 за под, 1 за кујна), по лице. Сет за чистење: 5€. Детско креветче 50€. Потребно е да се резервира и уплати за крпи и постелнина при резервација во агенција (подоцна неможе да гарантираме достапност). Од досегашното наше искуство, најповолно е секој да понесе свои.
15. **Депозит:** Депозит (гаранција) за секое студио е задолжителен и изнесува: **350€ по студио за 4 лица или 400 евра по апартман за 4 лица.** Се плаќа при пристигнување, непосредно пред сместувањето. Плаќањето е **исклучиво** со резервирање на средства во висина на депозитот од **кредитна картичка** (**VISA** или **MASTERCARD**). Депозитот на крајот од сместувањето се деблокира, доколку апартманот е вратен во првобитната состојба (чист, среден и без оштетени предмети), и гостите ќе го добијат блокираните средства наредните денови (најдоцна до 30 дена, во зависност од банката). Во случај на било какви оштетувања во студиото/апартманот при сместување, гостите се должни да достават писмена забелешка до локалната агенција во рок од 48 часови.

16. **Завршно чистење:** Чистењето на апартманите не е вклучено во цената на аранжманот, па патниците се задолжени за средување на апартманот и доведување на истиот во иста состојба како пред сместувањето. Можно е да се организира чистење но со пријава и плаќање при пријавување.
17. **Цена за чистење:** Студио за 4 лица:75€, Студио со кабина за 4 лица: 85€, Апартмани со 2 соби за 6 лица: 95€.
18. Сите дополнителни услуги мора да се резервираат при пријавување во агенција и истите се плаќаат на лице место при сместување.
19. **Цената на депозитот и дополнителните услуги може да биде променета.**

20. **ВАЖНА НАПОМЕНА: ПАТНИЦИТЕ ТРГНУВААТ ИСКЛУЧИВО ОД ПРЕДВИДЕНОТО МЕСТОТО НА ПОАЃАЊЕ ВО СКОПЈЕ, А ВРАЌАЊЕТО ОД ПАТУВАЊЕТО Е ПОВТОРНО ДО ИСТОТО МЕСТО ОД КАДЕ ШТО ТРГНАЛЕ ВО СКОПЈЕ. НЕ Е ВОЗМОЖНО ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ГРУПАТА ОД БИЛО КОИ ПОПАТНИ МЕСТА ВО ОДЕЊЕ, КАКО И НАПУШТАЊЕ НА ГРУПАТА НА БИЛО КОИ ПОПАТНИ МЕСТА ПРИ ВРАЌАЊЕ, НИТУ ПАК КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКИОТ ПРЕВОЗ САМО ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ, СОГЛАСНО МАКЕДОНСКИОТ И ЕВРОПСКИОТ ЗАКОН ЗА ТРАНСПОРТ НА ЗАТВОРЕНА ГРУПА.**

- ***LA PLAGNE***

***LA PLAGNE*** е поделен во неколку населби, сите се меѓусебно споени а жичарите се навоѓаат помеѓу нив: Plagne centre 1970m, Plagne Aime 2000m, Plagne village 2050m, Plagne Soleil 2050m, Plagne Montalbert 1350m, Plagne Bellecot 1930m, Belle Plagne 2050m, Le Fornelet 1970m. Сите квартови се SKI IN-SKIOUT.



***LA PLAGNE* CENTRE**– се смета за центар на скијалиштето со многубројни продавници, супермаркет, надворешниот базен во Bellecote со загреана вода до 30 степени, клубови, продавници. Од тука тргаат сите гондоли и жичари кон целиот ски ресорт. **Ski IN-Ski OUT**.

**СМЕСТУВАЊЕ**: За оваа година ви одбравме студиа и апартмани во центарот на скијалиштето. Распоредот, големината и опремата може да варира од објект до објект, како и цената.

# LA PLAGNE *PARADISKI*

## Residence "LE FRANCE''



**Локација**: Резиденцијата Le France, е на самите терени, во подножјето на Vega ски стазата. Опремено е со индивидуални ски локери поврзани со секое студио или апартман. Продавниците се оддалечени на 100 метри, поврзани со галерии.



**СТУДИО 0725 за 4 лица , 23 м2, југ, балкон, 7-ми спрат со прекрасен поглед поглед кон стазите.**

**Дневна соба**: Тросед на извлекување кој се претвара во 2 лежаи, маса со 4 столици, ЛЦД ТВ.
**Кабина**: 1 голем кревет за 2 лица
**Кујна**: Шпорет со 2 ел.рингли, микробранова печка, машина за миење на садови, фрижидер.
**Бања**: Туш кабина или када, умивалник и тоалет.







**СТУДИО 0512 за 2 лица , 17 м2, 5-ти спрат**

**Дневна соба**: Тросед на извлекување кој се претвара во голем лежај за 2 лица (140x200), маса со 2 столици, ЛЦД ТВ.
**Кујна**: Шпорет со 2 ел.рингли, микробранова печка, фрижидер.
**Бања**: Туш кабина, умивалник и тоалет







LA PLAGNE *PARADISKI*

## Residence “LE JANNU”




**Локација**:
Резиденцијата Le France, е до самите терени, продавници, ресторани, маркети се . Студиата и апартманите се добро опремени и конфорни. Има прекрасен поглед од сместувачките капацитети кон скијачките падини.

Опремено е со индивидуални ски локери.




**<u>СТУДИО 0803 за 3/4 лица, 25 м2 , југ, 8-ми кат, реновиран,прекрасен поглед кон ски стазите</u>**.

   

**Дневна соба**: одвоена со подвижна преграда: 1 софа кревет за 2 лица (140 см) од едната страна и Софа која се извлекува во 2 единечни лежаи ( по 80 см) столици, ТВ.
**Кујна**: Шпорет со ел.рингли, микробранова печка, машина за миење на садови, фрижидер, шанк со 4 столици
**Бања**: Туш кабина, умивалник и тоалет.

**<u>СТУДИО 0214 за 4 лица, 30м2, 2-ри спрат, север,</u>**
**Дневна соба**: со 2 единечни лежаи, клуб маса, ТВ.
**Спална (мала)соба**: со 2 кревети на спрат.
**Кујна**: Шпорет со ел.рингли, микробранова печка, машина за миење на садови, фрижидер,
**Бања**: Голема Туш кабина. **Тоалет**: посебна просторија.

   

# LA PLAGNE *PARADISKI*

**АПАРТМАН 0305 за 4/5 лица, 2 простории, 40 м2, 3-ти спрат, југ**
**Дневна соба**: 1 голем кревети (160 см) за 2 лица + 1 двосед (160 см) за 2 лица, маса, столици, ТВ.
**Спална соба:** 1 единечен кревет(120 см)**Кујна**: Шпорет со 2 ел.рингли, микробранова печка, машина за миење на садови, фрижидер, **Бања**: када, умивалник, машина за перење.
**Тоалет**: Засебен тоалет.





## Residence "KILIMANDJARO"



**Локација**: Резиденцијата Kilimandjaro е на мало возвишување, покрај ски стазата. Оддалечено околу 500 м. од центарот на скијалиштето ( маркети, продавници, клубови). Има скафчиња за скии за секое студио/апартман. Нема лифт.



**СТУДИО 0027 за 2/3 лица, 23 м2 , 2-ри спрат, балкон, север, поглед кон Мон Блан.**





**Дневна соба** со софа која се претвара во голем лежај за 2 лица (160) и софа/лежај за 1 лице. ТВ со рамен екран.
**Кујна**: опремена со 2 електрични рингли, фрижидер, комбинирана микробранова печка, машина за миење садови и машина за перење
**Бања**: со када и WC..

# LA PLAGNE *PARADISKI*

**АПАРТМАН 0028 за 4 лица, 2 простории, 30 м2, 2-ри спрат, север, балкон, поглед кон Мон Блан, без лифт.**
**Дневна соба:** софа која се претвара во голем лежај за 2 лица (140). ТВ со рамен екран. Клуб маса.
**Спална соба**: 2 единечни кревети на спрат за 2 лица +1 кревет за 1 лице (80 см)
**Кујна:** отворена кон дневната соба, шпорет со електрични рингли, фрижидер, микробранова печка, машина за миење садови
**Бања**: со када и WC..






**АПАРТМАН 0018 за 4 лица, 2 простории, 30 м2, 1-ви спрат, север, балкон, поглед кон Мон Блан**
**Дневна соба:** софа која се претвара во голем лежај за 2 лица (160). ТВ со рамен екран. Клуб маса.
**Спална соба**: 2 единечни кревети на спрат.
**Кујна:** шанк кон дневната соба со столици. Шпорет со 2 електрични рингли, фрижидер, комбинирана микробранова печка, машина за миење садови.
**Бања:** со када и WC.





**Т.А. НЕХАР ТРАВЕЛ, ул. Никола Тримпаре бр.10 Скопје. Tel: 02/ 3131045 Моб: 071/380724**
**e-mail: info@nehartravel.com.mk, www.nehartravel.com.mk Лиценца А, бр. УП I 13-5**

# LA PLAGNE *PARADISKI*

**АПАРТМАН 0016 за 6 лица, 3 простории, 45м2, 1-ви спрат,балкон, север**








Класично комфорно студио за 6 лица, со добар поглед на Мон Блан.
**Дневна соба:** конфорна софа, маса, дрвени клупи. ТВ со рамен екран.
**Спална соба 1:** 1 голем кревет (160 см) за 2 лица.
**Спална соба 2:** 2 x 2 кревети на спрат за 4 лица

**Кујната** визуелно отворена кон дневната соба. Кујната е опремена со 4 електрични рингли, фрижидер, комбинирана микробранова печка, машина за миење садови.
**Бања** со када и WC.

## Residence "LE MAKALU"





**Локација**: Резиденцијата Le Makalu е сместена во самото срце на скијалиштето. Има директен пристап до покриената галерија со продавници, маркети, пабови. Ски сатзите се на само 100 м. оддалечени. Студиата се конфорни и добро опремени. Нема лифт.

**Т.А. НЕХАР ТРАВЕЛ, ул. Никола Тримпаре бр.10 Скопје. Tel: 02/ 3131045 Моб: 071/380724**
**e-mail: info@nehartravel.com.mk, www.nehartravel.com.mk Лиценца А, бр. УП I 13-5**

# LA PLAGNE *PARADISKI*

**<u>АПАРТМАН 0038, 2 простории за 4 лица, 37 м2 , 3-ти спрат,балкон,</u>**
**Дневна соба**: конфорен тросед, маса, столици, ТВ.
**Кабина во влезен дел:** 2 единечни кревети (80 см) на спрат за 2 лица
**Кабина мала** (без прозор): 1 голем кревет (140 см)
**Кујна**: Шпорет со 2 ел.рингли, микробранова печка, машина за миење на садови, фрижидер,
**Бања**: Туш кабина, умивалник. **Тоалет**: посебна просторија . Апартман реновиран 2016.







## <u>Residence “LE FITZ ROY”</u>




**Локација**: Резиденцијата Le FITZ ROY, на 3 спрата е лоцирана на самата слалом ски патека, на околу 250 м. од центарот на скијалиштето со маркети, продавници и пабови.
**SKI IN-SKI OUT**
Располага со Апартмани со 2 соби за 4-6 лица 46м2 и апартмани со 3 соби за 6-7 лица. 52м2

# LA PLAGNE *PARADISKI*

**Апартман 00R6, 2/3 соби, 46m2, за 4-6 лица, југ, без лифт, балкон, приземје.**

Апартман класифициран со 4 парадиски кристали. **Дневна соба**: благодарение на големата просторија која се дели (со лизгачки врати): од едната страна 1 брачен кревет (160см) за 2 лица, од другата страна 2 x 2 кревети на спрат (80см)за 4 лица . Има отворена главна просторија со комплетно опремена кујна, дневна соба со трпезарија и простор за седење.
**Кујна**: Шпорет со керамички плотни, фрижидер, микробранова печка, машина за миење на садови..
**Бања1**: када, умивалник, **Бања2:** туш кабина. **Тоалет**: посебна просторија.
Шкафовите за скијање го комплетираат овој имот и ви се на располагање за време на вашиот престој.








# LA PLAGNE *PARADISKI*

**Апартман 0013, 3 соби, 56m2, за 6 лица, балкон, јужна страна, 1-ви спрат без лифт.**



Реновиран апартман со прекрасен поглед кон ски падините, слалом ски стазата. Многу светол и пријатен. SKI IN-SKI OUT.
**Кујна**: отворена кон дневната соба со шанк и столици: шпорет, фрижидер, рерна, микробранова печка, машина за миење садови.
**Дневна соба**:голем салон за дневен престој со гарнитури за седење,клуб маса, ТВ
**Спална соба 1**: 2 единечни кревети за 2 лица,
**Спална соба 2**: 2 x 2 кревети на спрат – за 4 лица
**Бања**: када, лавабо. **Тоалет**: посебна просторија














Т.А. НЕХАР ТРАВЕЛ, ул. Никола Тримпаре бр.10 Скопје. Tel: 02/ 3131045 Моб: 071/380724
e-mail: info@nehartravel.com.mk, www.nehartravel.com.mk Лиценца А, бр. УП I 13-5

# LA PLAGNE *PARADISKI*

**Апартман 0002, 2 соби, 35m2, за 4-5**
2-собен целосно реновиран стан, источен поглед со директен излез кон надвор и тераса, приземје (ниво -1 во однос на влезот во зграда), без лифт.

**Дневна соба**: 1 софа кревет за 2 лица, ТВ, маса, столици.
**Спална соба**: 2 x 2 кревети на спрат (80 см), за 4 лица
**Кујна:** отворена кон дневната соба: керамичка плоча, фурна, фрижидер, машина за миење садови,
**Бања**: со туш кабина **Тоалет**: посебна просторија.







Т.А. НЕХАР ТРАВЕЛ, ул. Никола Тримпаре бр.10 Скопје. Tel: 02/ 3131045 Моб: 071/380724
e-mail: info@nehartravel.com.mk, www.nehartravel.com.mk Лиценца А, бр. УП I 13-5

TRAVEL AGENCY NEHAR travel

# LA PLAGNE *PARADISKI*

LA PLAGNE PARADISKI

## Residence "L'ACONCAGUA"




**Локација**: Резиденцијата **l'Aconcagua** е на само 100 м. од ски терените и лифтовите како и 300м од самиот центар на скијалиштето.

**Апартман 0803 со 2 соби за 4-5 лица, 40 м2, 8-ми спрат, северозапад,балкон, поглед кон Мон Блан и долината. Лифт.**

**Дневна соба**: Тросед на отварање за 2 лица, маса, столици, ТВ.
**Спална соба**: 1 голем кревет (140 см) за 2 лица и 1 единечен кревет за 1 лице (80см).
**Кујна**: Американски тип со ел.шпорет, микробранова печка, фрижидер, машина за миење на садови.
**Бања**: када, умивалник. **Тоалет**: посебна просторија













Т.А. НЕХАР ТРАВЕЛ, ул. Никола Тримпаре бр.10 Скопје. Tel: 02/ 3131045 Моб: 071/380724
e-mail: info@nehartravel.com.mk, www.nehartravel.com.mk Лиценца А, бр. УП I 13-5

# LA PLAGNE *PARADISKI*

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА СКИ ЦЕНТАРОТ **Paradiski**

***Paradiski*** е скијалиште со карактер,преубава природа, панорамски поглед и сончева положба. Идеално место за скијање и забава за сите возрасти. Местото е посебно познато по големо внимание за децата. Baby Club за бебиња постари од 4м, Mini-Club за деца 4-6 г. и Kid's Club за деца од 7-12 г. Така родителите може безгрижно да ги остават децата и да скијаат.

***Paradiski* (Les Arcs/Peisey-Vallandry/La Plagne)** е скијалиште со 425 км ски патеки со околу 20 населби и кое стално напредува. Во 2003 направена е нова годола Vanoise Express ( 2000 скијачи на час) која ги поврза двете скијалишта со вкупно 425 км патеки. 70% скипатеките се над 2000 м/нв.Може да скијате и на глечерите Varet (3.226 м/нв.) и Bellecôte (3.250 м/нв.).

За нова забава, французите го создадоа ***Mille8*** за кое потрошија 36 милиони евра. Додадоа нова жичара, гондола, а каблите за wi-fi ги провлекоа по сите ски патеки како би била достапна новата апликација **YUGE**.

***Mille8*** : **"aquafun"** комплекс, покриен воден парк со тобогани,сауна, теретана, велнес центар. Се простира на 3.800 м2 површина. Во рамките на ***Mille8*** е направена нова атрактивна патека за санки, долга 900 м, нов freestyle парк, шеталиште низ шума со специјални `ски чевли`, мини парк за деца,нов ресторан.... Направена е и паралел слалом стаза за туристи....

**YUGE** апликација: напредна апликација која скијачите едноставно ја инсталираат. Додека скијате добивате информации во реално време за прогноза на времето, ски патеките, време на чекање на жичарите, информации за дневни атракции но да едноставно пронајдете пријател со кој сте се разминале ....

## LA PLAGNE – снежна бајка:

- Вертикален пад: 2000 м.
- Скијалиште од 1250 м. – 3250 м.
- Ски патеки: 225 км.
- 138 ски патеки: 9 зелени, 75 плави, 35 црвени, 19 црни
- Снежни паркови: 4
- Надморска висина на скијалиштето **LA PLAGNE: 1970 м.**
- Највисок врв на скијалиштето: 3250 м.
- 74 жичари
- 11 различни села....
- **FIRST TRACKS – ПРВО СКИЈАЊЕ:** Доживејтего неверојатното искуство кое само сте го сонувале. Како прво состанок со скијачката патрола во La Plagne centre или на гондолата Plagne Bellecôte, зе еден посебен спуст. Сами на ски стазите, додека сонцето излегува, ќе имате еден голем еуфоричен наплив на чувства. Скијате на свежо изработени ски патеки во придружба на Ски Патролата. Потоа е време за еден Савојарски појадок со кој ќе ги наполните батериите до 100% пред да го започнете вашиот скијачки ден.

- **БОБ СТАЗА & САНКИ** : Единствена во Франција, ултра ледена, од која буквално ви се дига косата на главата.... е боб стазата во La Plagne! Отворена е за јавноста до Април и единствено искуство и прилика да се пробате во боб спустот. Многу е едноставно, не треба ништо да направите. Најкомликуваниот момент е да се одважите за спуст низ 19 завоји и 125 м. висински пад низ оваа ледена змија долга 1500 метри.

**Т.А. НЕХАР ТРАВЕЛ, ул. Никола Тримпаре бр.10 Скопје. Tel: 02/ 3131045 Моб: 071/380724**
**e-mail: info@nehartravel.com.mk, www.nehartravel.com.mk Лиценца А, бр. УП I 13-5**

# LA PLAGNE *PARADISKI*

- **НОВО:** Ако сакате да ги следите стапките на глумачкиот кастинг од филмот **„Cool Runnings",**Олимписката Боб стаза во La Plagne нуди светска ексклузива на која можете сега и Вие да се пробате во управување со бобот. Ова возбудливо и оригинално искуство трае цел ден за пилотите приправници. Авантурата вклучува "**одење по боб стазата**", баш како и професионалците кога ја проучуваат стазата, 2 спуста по лице во такмичарски боб за 2 лица ( еднаш како пилот, еднаш како патник-копилот), и секако технички и емоционален дебрифинг. Ќе бидете под надзор на професионални пилоти, вклучувајќи сертификувани инструктори од Француската боб федерација, како на стаза така и во приватната соба со панорамски поглед, каде ќе се згреете и уживате во ручекот.

- **БАЊА & СПА LA PLAGNE:** Оваа адреса би сакале да ја сочуваме за себе, но ќе направиме исклучок за НЕХАР ТРАВЕЛ скијачите.
  **Bains & Spa de La Plagne** : на површина од 1500 м2 исклучиво за wellness. Греани надворешни базени, пространи сауни и турски купатила со светкави мозаици, мекани бањарки, производи од брендот Deep Nature, кои пријатно го богатат воздухот и секако љубезните домаќини.  Место за уживање и релаксирање со вашата фамилија или пријателите.

- **НА СЕДМО НЕБО:** Оваа активност е задолжителна кога ќе дојдете во La Plagne. Зошто ? Затоа што е единствена во светот. Ова нема да го најдете на друго скијалиште или планина. Друго, иако овој огромен **Groomer** однадвор изгледа како механичка машина, внатре крие луксузна хотелска соба. И за крај, да се ужива во спектаклот на излезот на сонцето над Монт Блан на врвот на скијачките патеки е искуство кое се доживува еднаш во животот.

- **СЕВЕРНА СТРАНА НА ГЛЕЧЕРОТ BELLECÔTE:** Да се разбереме, ова е патека надвор од патеките, за многу искусни и добри скијачи. Љубители на freerid добродојдовте! Тргнете во неверојатен ден, совладувајќи го глечерот Bellecôte на повеќе од 3250 м. надморска височина. Вдишете длабоко и тргнете во возбудлив спуст низ северната страна. СЕ подразбира дека за оваа авантура ви треба искусен локален ски-водич.

- **СКИ СТАЗА: LE MONT DE LA GUERRE:** Тоа е ски стаза без сопирање. На секторот Champagny en Vanoise, Mont de la Guerre е стаза долга **7 км**. Која се спушта до 1000 м. Панорама на глечерот Vanoise злато вреди а сонцето ќе ви подари совршен златен тен. После стрмниот дел, патеката поминува низ шума и можни се две варијанти: патека која води до селото или потесна патека низ шума помеѓу дрва.

- **LIVE 3000:** Искуство кое ќе ви ја дигне главата во облаци и во лето и во зима, 3000 м. надморска висина, на врвот на потполно новата Гондола **Les Glaciers** (2024). После 10 минути качување, штом кабината се отвори, скијачите но и пешачите ќе откријат територија каја е совршена за моменнтално опуштање. Во топол и пријатен амбиент кафичот **"Le Sixième Ciel"** ќе понуди слатко и солено уживање во внатрешниот дел или на терсата додека максимално уживате во панорамската глетка на глечерот Vanoise.

- **НОВО НОВО: AÉROLIVE е ексклузивно ново искуство на La Plagne, единствено од ваков вид во светот. Од ова лето почестете се со сензационално воздушно искачување на гондолата Glaciers.** Отварање на 24.07.2024
  https://en.la-plagne.com/decouvrir-la-plagne/domaines-skiables-la-plagne-paradiski-r/les-experiences/aerolive

**Т.А. НЕХАР ТРАВЕЛ, ул. Никола Тримпаре бр.10 Скопје. Tel: 02/ 3131045 Моб: 071/380724**
**e-mail: info@nehartravel.com.mk, www.nehartravel.com.mk Лиценца А, бр. УП I 13-5**

TRAVEL AGENCY NEHAR travel

# LA PLAGNE *PARADISKI*

LA PLAGNE PARADISKI







***НЕХАР ТРАВЕЛ***

***Ви посакува пријатно патување и убав зимски одмор во Франција***


**Т.А. НЕХАР ТРАВЕЛ, ул. Никола Тримпаре бр.10 Скопје. Tel: 02/ 3131045 Моб: 071/380724**
**e-mail: info@nehartravel.com.mk, www.nehartravel.com.mk Лиценца А, бр. УП I 13-5**